ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1530/2
01.04.2024 година
Велес

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на Република Македонија" бр.101/2019), имателот на информации Општина Велес на ден 01.04.2024 година доставува до барателот [redacted]

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Барателот [redacted] на ден 14.03.2024 година, достави до Општина Велес барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр. 26-1530/1, во кое бара увид во следнава информација од јавен карактер:

„Увид во црвената даночна пријава за реализација на Решение за оставинска постапка обр.238/10 и УДР бр. 97/10 поднесена на 14.02.2024 година и сите документи врз основа на кои се реализира. Задолжително да се состави записник според член 72 од ЗОУП за време на увидот и по ЗСПИЈК (и еден примерок да ми се даде мене)".

Постапувајќи по барањето бр. 26-1530/1 од 14.03.2024 година поднесено од барателот [redacted] овластените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, констатираа дека бараните податоци кои се однесуваат на пријава за реализација на решение за оставинска постапка Обр.238/10 и УДР бр.97/10 поднесена на 14.02.2024 година и сите документи врз основа на кои реализира, не се информација од јавен карактер кои барателот може да ги добие согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер туку се информација од личен интерес кои треба да ги бара согласно член 42 од Законот за општа управна постапка, врз основа на кое ќе му се овозможи на барателот пристап до бараните информации.

Согласно горенаведеното, овластените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информација Општина Велес сметаат дека [redacted] своето право да изврши увид во црвената даночна пријава треба да го остварува согласно член 42 од Законот за општа управна постапка согласно кое странките во управната постапка имаат право да ги разгледаат списите на предметот.

Јавниот орган кој примил барање за разгледување на списите веднаш одлучува за барањето.

Списите се разгледуваат во канцелариите на јавниот орган задолжен за водење на евиденцијата и под надзор на службено лице. Во исклучителни случаи, кога тоа е потребно за правната заштита на подносителот на барањето, списите исто така можат да се разгледуваат и во канцелариите на друг јавен орган или на дипломатските или конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Кога списите се чуваат во електронска форма, јавниот орган ги обезбедува техничките средства за разгледување на исправите, како и за нивното печатење или копирање. Јавниот орган може на странката да му овозможи пристап до списите во електронска форма согласно Законот за електронско управување.

Службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Фросина Маџарова
Даниела Саздова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС